


ДОБРИ ВЕСТИ ОД

# ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ 7

ЧЕТВРТИ СОСТАНОК НА УПРАВНИОТ ОДБОР: ВИДЛИВИ РЕЗУЛТАТИ И СИЛНИ ПАРТНЕРСТВА

ИНТЕРВЈУ СО НИК ЛОГОФЕТОВ, ЕКСПЕРТ ЗА КРИПТОВАЛУТИ И ОНЛАЈН ИЗМАМИ

ПО 13 ГОДИНИ ПРАВНА БОРБА СО СИСТЕМОТ, ДЕВОЈЧЕ КОНЕЧНО ДОБИ ИЗВОД ОД МАТИЧНАТА КНИГА НА РОДЕНИ

ПАРТИЦИПАТИВЕН ФОРУМ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА МЕЃУ ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ПАРЛАМЕНТОТ

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

МАЈ 2024

ПРАВНО ОДРЕКУВАЊЕ:
ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

# ПРЕДГОВОР



## Дитер ШИНДЛАУЕР

*Тим лидер, „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“*

*„Се надеваме дека со овој извештај ќе одржиме позитивен став и ќе го поддржиме етичкото убедување дека вреди да се залагаме за промени, реформи и процес на постојано подобрување. За таа цел, ќе го прикажеме и славиме напредокот за да не се изгуби во многу погласната врева на негативните вести“.*

Драги читатели,

ова издание повторно опфаќа некои извонредни достигнувања со и околу проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ во Северна Македонија. Во текот на изминатите месеци, направени се значајни чекори во соработката во унапредувањето на правосудните реформи, борбата против организираниот криминал, зајакнувањето на механизмите против корупцијата и промовирањето на основните права.

Проектот успешно го поддржа Министерството за правда во подготовката на нацрт-измените на Законот за Судски совет и ги зајакна дисциплинските постапки за судска одговорност. Нацрт-закон за јавно обвинителство беше финализиран, а во исто време се изготвува и Законот за Советот на јавни обвинители.

Напорите за зајакнување на механизмите за борба против корупцијата вклучуваат развој на Систем за управување со човечки ресурси за Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК), клучни обуки и подготовка на новата Национална стратегија за борба против корупцијата, како што беше посочено во интервјуто со нашиот лидер на компонента, Роман Прах.

Една од успешните приказни кој најмногу се истакнува во ова издание е случајот на девојче кое, по речиси 13 години правна битка, конечно доби извод од матичната книга на родени.

# ПРЕДГОВОР

Родена без да биде признаена од системот, таа била невидлива за властите и лишена од основните права како што е здравствената заштита. Народниот правобранител, со директна поддршка од експертите вклучени во нашиот проект, го реши случајот, дозволувајќи ѝ да биде регистрирана во матичната книга на родени и да има пристап до правата што ги овозможува државата. Тоа беше долга постапка, и преку следење на случајот, стана јасно дека спроведувањето на принципот во најдобар интерес на детето треба значително да се подобри за да не продолжи да влијае на секојдневниот живот на малолетниците преку бирократски пречки и навидум бескрајни процедури.

На нашиот Форум за човекови права, темата за соработка помеѓу Парламентот и институциите за човекови права резултираше со интересни дискусии и конкретни заклучоци.

Друга клучна област опфатена во овој извештај е динамичната природа на крипто криминалот. Како што употребата на криптовалути станува сè пораспространета, така се зголемуваат и ризиците поврзани со онлајн измамите и дигиталниот криминал. Во фасцинантното интервју со Ник Логофетов, меѓународен експерт за криминал поврзан со криптовалути, дискутираме за заканите со кои се соочуваме во 2025 година, ограничувањата на тековните регулативи и реалноста на дигиталните истраги. Сознанијата на Ник нудат јасна перспектива за предизвиците и можностите во борбата против крипто криминалот.

На 3 април се одржа четвртиот Управен одбор на проектот и покажа дека сите достигнувања ги одразуваат силните партнерства и заедничките напори на меѓународни и национални експерти, партнери на конзорциумот и кориснички институции. Континуираната поддршка од Делегацијата на Европската Унија беше клучна за водење на овие напори.

Како што чекориме напред, треба да надградуваме врз овие достигнувања и да се стремиме кон поправедно и потранспарентно општество. Патувањето што претстои може да биде предизвикувачко, но со заеднички напори, ќе ги постигнеме нашите цели и ќе оставиме трајно влијание врз владеењето на правото во Северна Македонија.

Уживајте во добрите вести!



# ВИ ПРЕТСТАВУВАМЕ:

## ЧЕТВРТ СОСТАНОК НА УПРАВНИОТ ОДБОР

На четвртиот состанок на Управниот одбор, одржан на 3 април 2025 година, беа одбележани видливите резултати и силните партнерства. Беа презентирани резултатите од проектот од август 2024 до февруари 2025 година, и планираните, понатамошни активности.

## ПО 13 ГОДИНИ ПРАВНА БИТКА, ДЕВОЈЧЕ ДОБИ ИЗВОД ОД МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ

По речиси 13 години правна битка, едно девојче конечно доби извод од матична книга на родени. Случајот беше пријавен кај Народниот правобранител (НП) за побрзо решавање. Со директна поддршка од експертите ангажирани во проектот, случајот беше решен.

## ФОРУМ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Пратеници и претставници на институциите кориснички на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ учествуваа во Партиципативниот форум за зајакнување на соработката меѓу институциите за човекови права и Парламентот.

# Ајде да зборуваме за...

- Четвртиот состанок на Управниот одбор беше одбележан со видливи резултати и силни партнерства
- По 13 години правна борба со системот, девојче конечно доби извод од матичната книга на родени
- Разбирање на крипто криминалот: Интервју со Ник, експерт за криптовалути и онлајн измами
- Финализирање на предлог Закон за јавно обвинителство и започнување со работа на Законот за Совет на јавни обвинители
- Партиципативен форум за зајакнување на соработката меѓу институциите за човекови права и Парламентот
- Тркалезни маси за надзор и оценување на работата на јавните обвинители
- Проектот на „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“ му помогна на Министерството за правда во подготовката на нацрт-измените на Законот за Судски совет
- Зајакнување на дисциплинските постапки за судска одговорност во Северна Македонија

# Четвртиот состанок на Управниот одбор беше одбележан со видливи резултати и силни партнерства

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ го одржа четвртиот состанок на Управниот одбор на 3 април 2025 година во просториите на **Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).** На состанокот беа презентирани резултатите од проектот од август 2024 до февруари 2025 година и активностите планирани за следниот период.

**Марција Палота,** претставник на Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија (ДЕУ), ја повтори важноста на заедничките напори и нивната клучна улога во спроведувањето на реформите поврзани со владеењето на правото во Северна Македонија. Таа ги охрабри корисничките институции да продолжат целосно да ја користат поддршката и ресурсите обезбедени од Проектот.

**Агнес Таибл,** проектната директорка од Институтот за фундаментални и човекови права Лудвиг Болцман, изрази благодарност за напорите на сите членови на проектниот тим и корисничките институции, и му посака добредојде на Роман Прах како нов лидер на Компонентата 3. Таа ја истакна важноста на заедничката посветеност на меѓународните и националните експерти, силната соработка меѓу партнерите од конзорциумот - CILC, Министерството за внатрешни работи на Словенија и Министерството за правда, јавна администрација и дигитална трансформација на Хрватска - и континуираната поддршка на Делегацијата на Европската унија (ДЕУ).

Состанокот беше модериран од **Дитер Шиндлауер,** тим лидерот на проектот, кој укажа на клучните достигнувања досега и ја истакна визијата за претстојниот период. „Доста работи беа постигнати, но останува уште многу да се направи. Цврсто сум убеден дека граѓаните на оваа земја заслужуваат да видат опипливи резултати и подобрувања“, рече тој.



**Лидерите на компонентите** ги презентираа клучните достигнувања од периодот на известување, истакнувајќи ја улогата на проектот во унапредувањето на правосудните реформи, борбата против организираниот криминал, зајакнувањето на механизмите за борба против корупцијата и промовирањето на основните права.

Од август 2024 година до февруари 2025 година, проектот постигна значителен напредок во сите четири компоненти. **Компонентата 1** придонесе за правосудните реформи преку организирање стручни расправи за Законот за Судски совет, со кои беа опфатени над 100 судии, спроведување на специјализирани ИТ обуки за вработените во судовите и јавните обвинителства и поддршка на спроведувањето на Развојната секторска стратегија 2024–2028 година. **Компонентата 2** ги зајакна напорите за борба против организираниот криминал преку градење капацитети за онлајн измами, финансиски истраги и корупција и преку изготвување национални стратегии за организиран криминал и компјутерски криминал.




**Компонентата 3** се фокусираше на зајакнување на антикорупциските механизми, вклучително и развој на систем за управување со човечки ресурси за ДКСК, организирање на клучни обуки и подготовка на новата Национална антикорупциска стратегија. **Компонентата 4** направи значителен напредок во промовирањето на основните права и алтернативите мерки за притвор. Преку кампањи за подигање на свеста кои допреа до 183.000 луѓе, беше финализиран Националниот акциски план за правата на децата, а мандатите на клучните институции беа зајакнати преку градење капацитети, стратешки партнерства и меѓуинституционални форуми. Беше презентирана и спроведена и кампања против врсничкото насилство.

Претставниците на партнерските институции од Република Северна Македонија ја изразија својата благодарност за поддршката на проектот и неговиот тековен придонес за зајакнување на владеењето на правото.

На состанокот, на кој присуствуваа 48 лица, претставници од делегацијата на ЕУ, партнери од конзорциумот, институциите корисници и експерти, беа истакнати заедничките напори за поттикнување на поправедно и транспарентно општество во Северна Македонија.







# Одбележување на успехот:

## Визуелен приказ













# По 13 години правна борба со системот, девојче конечно доби извод од матичната книга на родени

Родена во 2012 година, таа требаше да има исти права како и секое друго дете во нашата земја. Но, наместо тоа, растела без идентитет – невидлива за системот. По речиси 13 години правна борба, конечно доби извод од матичната книга на родени, стекнувајќи го своето основно право – да постои пред институциите.

Сè започна во јуни 2024 година, кога предметот беше пријавен до Народниот правобранител (НП) со цел негово побрзо решавање. Со директна поддршка од експертите ангажирани во проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, Народниот правобранител успеа да го реши случајот.

На прес-конференцијата организирана од институцијата, Ѓулизар Сулејман, бабата на девојчето, не ја криеше среќата што нејзината внука е конечно запишана во книгата на родени.



> „Немаше извод 12 години. Дури сега, по толку многу време, благодарение на Народниот правобранител успеавме да извадиме извод за внука ми. Многу сум среќна и благодарна за помошта“, рече таа.

Мерима Физулаи, раководителка на дневниот центар во Шуто Оризари, кој девојчето го посетувало, истакна:

> „После 12 години, девојчето конечно може да ги користи сите права кои нашата држава може да и` ги овозможи. Претходно не можеше да користи здравствена заштита и останатите основни права.“



Нејзината мајка со години се обидувала да ја среди документацијата, но за жал западнала во бирократски лавиринт. Наместо едноставно решение, службениците и` барале дополнителни документи, комплицирајќи ја постапката.

Помошта конечно пристигна од канцеларијата на Народниот правобранител, кој предупредува дека ова не е изолиран случај. Од 2021 година, по законските измени, околу 400 „невидливи лица“ побарале извод од матичната книга на родени, но процесот е бавен. Народниот правобранител, Насер Зибери, најави дека ќе препорача Управата за водење на матични книги да биде поажурна во решавањето на овие случаи, бидејќи за стотици други – борбата за идентитет продолжува.



# Разбирање на крипто криминалот: Интервју со Ник, експерт за криптовалути и онлајн измами

Како што употребата на криптовалути станува сè пораспространета, така се зголемуваат и ризиците поврзани со онлајн измамите и дигиталниот криминал. Во ова интервју, разговараме со **Ник Логофетов,** меѓународен експерт за криминал поврзан со криптовалути, за еволуцијата на крипто измамите, ограничувањата на тековните регулативи и најчестите заблуди околу блокчејнот и анонимноста. Водејќи се од своето богато искуство и прекугранични соработки, Ник нуди јасна перспектива за заканите со кои се соочуваме во 2025 година и реалноста на дигиталните истраги во динамична средина.



**Ник, ти си експерт за криптовалути и дигитални измами. Која е твојата улога во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ и кои се твоите цели во овој ангажман?**

Вклучен сум во проектот како експерт за поддршка на македонската полиција, поточно на единицата за дигитални измами, во зајакнувањето на нивниот капацитет за истражување на криптовалути. Проектот трае до 2026 година, но нашата цел е да постигнеме брз напредок до 2025 година.

Почнуваме од она што јас би го нарекол ниво 0 во однос на капацитетот за крипто-истражување и се стремиме да го достигнеме нивото 2 на меѓународната скала - кое се движи од 0 до 5 - дефинирано од Европол и Интерпол. Ниво 2 значи да се биде вешт во неколку криптовалути и мрежи и да може самостојно да се спроведуваат истраги освен ако не е потребна специјализирана меѓународна поддршка.

**Како започна вашата соработка со македонските власти?**

Првиот контакт беше доста едноставен, се случи преку проектот.

Потоа, околу два или три месеци подоцна, раководството на македонските полициски сили дојде во Словенија на официјална посета. За време на таа посета, имавме подетални дискусии и тие јасно ги изразија своите потреби. Јас веќе бев во комуникација со македонските колеги. Откривме случаи каде што имаше преклопување, во кои беа вклучени истите сторители и методи низ Словенија и Северна Македонија. Северна Македонија, исто така, доби различна истражна алатка од нас и почнавме да ги споделуваме нашите истражувања и разузнавачки информации за поефикасни резултати.

**Со оглед на недостатокот на регулатива во Западен Балкан во споредба со рамката MiCA на ЕУ, дали се очекува слични регулативи да стигнат до регионот?**

Ник: MiCA штотуку беше имплементиран во ЕУ, но опфаќа само одредени аспекти на крипто берзите. Наскоро се очекуваат уште две регулативи - една од нив се нарекува Дигитална Европа. Заедно, овие ќе формираат сеопфатна регулаторна рамка за криптовалути во ЕУ. На крајот, слични политики може да бидат усвоени или адаптирани од земјите во Западен Балкан.

**Колку крипто активност е криминална по природа, во споредба со традиционалните финансиски системи?**

Според податоците од Chainalysis, вкупниот дневен крипто обем варира помеѓу 100 и 120 милијарди долари. Од тоа, околу 30 до 35 милијарди долари годишно се поврзани со криминална активност, што е релативно мал процент. Тековната пазарна капитализација на сите криптовалути беше околу 3,25 трилиони евра само пред неколку месеци, иако таа бројка може да се зголеми од пазарните флуктуации. На пример, беше докажано дека трансакциите во вредност од 850 милиони евра биле измами - повторно, не е занемарливо, но не е и преголемо.

**Многу луѓе веруваат дека крипто трансакциите не можат да се следат. Колку е точна таа перцепција?**

Тоа е претежно мит. Поголемиот дел - околу 95% - од крипто трансакциите можат да се следат. Блокчејните се јавни книги и иако некои платформи бараат специфични алатки или пристап до интернет, информациите не се скриени. Постојат монети за приватност како Monero, кои се користат на нелегални пазари и се намерно направени да не можат да бидат следени, но тие се само мал дел. Дури и паметните договори дизајнирани за анонимност се видливи на блокчејнот и можат да се испитаат.

**Кои се најголемите ризици од крипто криминал поврзан со 2025 година?**

Очекуваме да видиме зголемување на комерцијалните измами, инвестициските измами, Понзи шемите и прекршувањата на информациските системи. Повеќето измами сè уште започнуваат со директен контакт - измамниците им се јавуваат жртвите, ја стекнуваат нивната доверба, а потоа ги намамуваат да инвестираат со ветувања за огромни приноси. Овие трендови се истакнати во Словенија и веројатно ќе се отсликаат во регионот.

**Дали криминалците се секогаш еден чекор понапред или регулативата почнува да ги достигнува?**

За жал, технологијата се развива толку брзо што истражителите честопати се еден чекор зад себе. Не можете да предвидите секој нов метод што ќе го користат криминалците. Иако можеме да предвидиме некои трендови, да се биде чекор пред нив е речиси невозможно.

**Може ли вештачката интелигенција (ВИ) да помогне во премостување на овој јаз?**

Вештачката интелигенција може да помогне, но нејзината корисност во моментов е ограничена поради сложеноста и обемот на вклучените податоци. Некои алатки, како што се TRM и Chainalysis' Reactor (порано Genesis), користат елементи на вештачка интелигенција за да ги пронајдат патеките помеѓу паричниците и берзите. Но, на крајот на краиштата, аналитичарот е сè уште тој што мора да ги толкува податоците и да донесува истражни одлуки.

**Дали мислите дека криминалот со криптовалути некогаш ќе стане практично невозможен?**

Не во целост. ЕУ работи на построги регулативи, па дури има и шпекулации дека идните закони би можеле целосно да забранат одредени крипто активности - како што се рударството или неограниченото тргување. Кина веќе го направи ова. Европската комисија има законско овластување да го стори истото според MiCA или идните регулативи.

**Откако го видовте развојот на секторот одблизу, дали лично им верувате на криптовалутите? Дали инвестирате во нив?**

Не, не поседувам криптовалути. Се сметам себеси за вешт со финансии и се потпирам на финансиски советник кој работи со поединци со висока нето вредност. Никој од нив не инвестира во криптовалути поради нивната нестабилност и недостиг од безбедносни мрежи. Со традиционалното банкарство во ЕУ, на пример, депозитите до 100.000 евра се осигурани дури и ако банката пропадне. Криптовалутите не нудат таква сигурност, дури ни за таканаречените „стабилни монети“ поврзани со традиционални валути или злато.

Ако некој инсистира да се обиде, препорачувам да постави фиксен месечен износ - да речеме од 100 до 300 евра расположлив доход - и да го инвестира во текот на шест месеци. Потоа да почека уште шест месеци или една година и да процени. Ако има профит, можеби тргувањето со криптовалути е за него/неа. Ако е во минус, веројатно не е.



# Финализирање на предлог Закон за јавно обвинителство и започнување со работа на Законот за Совет на јавни обвинители

Процесот на изготвување и усвојување на новиот Закон за јавно обвинителство претставува клучно обележје во рамките на Реформската агенда, со рок до декември 2025 година. Како фундаментален дел од правосудниот систем, овој закон е класифициран како „системски закон“, за кој е потребно двотретинско парламентарно мнозинство за усвојување, исто мнозинство како и за уставните измени. Неговото значење лежи во регулирањето на целокупната структура и функционирање на системот на јавно обвинителство, со широки импликации за секторот на кривичната правда и стандардите за правна заштита.

Препознавајќи ја важноста на усогласувањето на законот со законодавството на ЕУ, европските стандарди и мислењето на Венецијанската комисија, проектот обезбеди значителна поддршка во текот на целиот процес на изготвување. Експертите на проектот учествуваа во сите сесии на работните групи и презентираа извештаи што се однесуваа на клучните аспекти на рамката на јавното обвинителство, вклучувајќи надзор, оценување на работата, дисциплински постапки и буџетска независност. Преку овие извештаи беше овозможена детална проценка на постојната законска рамка, беа утврдени системските предизвици и беа презентирани конкретни препораки во согласност со најдобрите европски практики.



Покрај поддршката при изготвување на Законот за јавно обвинителство, проектот продолжува да ја обезбедува истата помош во изготвувањето измени на Законот за Советот на јавни обвинители. Ова обезбедува конзистентност низ целата институционална рамка што ја регулира работата во јавното обвинителство.

Процесот на изготвување на овие закони означува клучен чекор напред, но тоа е само почеток. Вистинскиот тест за успех лежи во нивното усвојување и спроведување. Проектот останува посветен на поддршка на националните институции во оваа следна фаза, гарантирајќи дека правните реформи ќе бидат ефикасно преточени во пракса и дека системот на јавно обвинителство ќе биде понезависен, поефикасен и усогласен со европските вредности.

# Партиципативен форум за зајакнување на соработката меѓу институциите за човекови права и Парламентот

На 9 април 2025 година, пратениците и претставниците на институциите кориснички на проектот Поддршка на ЕУ за владеењето на правото се собраа на Партиципативниот форум за зајакнување на соработката меѓу институциите за човекови права и Парламентот. Организиран во Клубот на пратеници во Скопје, форумот овозможи простор за размислување за актуелните предизвици и идентификување конкретни начини за подобрување на заштитата на човековите права во Северна Македонија преку посилна меѓуинституционална соработка.

Учесниците истражуваа како може да се подобри соработката меѓу парламентот и институциите за човекови права за да се обезбеди поефикасен надзор, посилни законски рамки и подобра заштита на правата на граѓаните. Настанот овозможи неформална размена и вмрежување меѓу клучните засегнати страни, со јасен фокус на генерирање на практични идеи за идна соработка.

Учесниците особено ги ценеа различните перспективи на учесниците, отворената и пријатна атмосфера и можноста за значаен дијалог преку институционалните граници. Резултатите од дискусиите ќе бидат вклучени во извештај до ЕУ, придонесувајќи кон тековните напори за зајакнување на застапувањето на човековите права и меѓуинституционалната соработка.



**Заклучок: Како да се зајакне парламентарната работа за човекови права**

**Формирање комисии** и поткомитети за човекови права, обезбедувајќи ефикасна структура.
**Објавување и споделување** извештаи за човекови права.
**Зајакнување на надворешните односи** со извршната власт, судовите и националните институции за човекови права.
**Спроведување истраги** за кршења на човековите права и организирање јавни расправи со засегнатите заедници.
**Вклученост во програми за градење капацитети и обука** за човекови права (на пр., оние што ги нудат граѓанските организации и меѓународните организации).
**Воспоставување достапни канали** за поединци и граѓанско општество за директно покренување на загрижености за човековите права до парламентот.
**Промовирање отворени дебати, консултации и дигитални платформи** за учество на јавноста во дискусиите за човекови права и донесувањето закони.
**Националните буџети** да издвојуваат доволно ресурси за институциите за човекови права и програмите за заштита.








# Одбележување на успехот:

## Визуелен приказ













# Тркалезни маси за надзор и оценување на работата на јавните обвинители

Надзорот и оценувањето на работата се две различни постапки поврзани со секојдневната работа на јавните обвинители. За ефикасно решавање на секоја област, беа подготвени два посебни извештаи и беа организирани тркалезни маси. На овие настани присуствуваа претставници од Јавното обвинителство, Советот на јавни обвинители, Здружението на јавни обвинители, како и професор од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кој е и претседател на работната група формирана за изготвување измени на Законот за јавно обвинителство и Законот за Советот на јавни обвинители.

На тркалезната маса за постапките за надзор, проектот го презентираше својот сеопфатен извештај за надзор. Презентацијата придонесе за продуктивна дискусија меѓу учесниците за постојната законска рамка, предложените измени во нацрт-законот за јавно обвинителство и моменталните практики за надзор. Настанот ги истакна недоследностите помеѓу постојниот закон, релевантниот подзаконски акт и практичната примена.

**Клучен заклучок** беше препознавањето на итната потреба од измена на подзаконскиот акт што го регулира надзорот, усогласувајќи го со нацрт-законот дури и пред неговото формално усвојување. Понатаму, во дискусијата беше нагласена важноста од воведување на стандардизиран образец за надзор за да се обезбеди конзистентност и унифициран пристап кон постапката.

На тркалезната маса наменета за постапката за оценување на работата, учесниците нагласија дека редовното оценување на работата не е практично применето во последните 15 години.

За време на настанот беше презентиран Извештајот за оценување на работата, кој дава длабинска анализа на стандардите на ЕУ. За да се реши недостатокот на оперативна организација за спроведување на оценувањето на работата, проектот воведе практична анализа и план за имплементација, кој ќе биде доставен и до Јавното обвинителство и до Советот на јавни обвинители. Овој проактивен пристап има за цел да го олесни процесот на оценување на работата на јавните обвинители според роковите предвидени во Законот за јавно обвинителство.



# Проектот на „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“ му помогна на Министерството за правда во подготовката на нацрт-измените на Законот за Судски совет

На 25 април 2025 година, Министерството за правда на Северна Македонија ги испрати нацрт-измените на Законот за Судски совет до Венецијанската комисија за мислење. Проектот обезбеди активна поддршка на Министерството за правда во овој процес, иницран за да се опфатат препораките од Оценската мисија за работата на Судскиот совет на Северна Македонија. Проектот ја поддржа работната група задолжена од министерот за правда да ги изготви измените преку организирање јавни расправи со судиите и експертската јавност, подготвувајќи правна анализа и давајќи директен придонес на состаноците на работната група.

Со цел да се финализираат измените, проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ организираше целодневна работилница на 14 април 2025 година во Клубот на пратеници.




Целта на работилницата беше повторно да се разгледа текстот на законот, да се дискутираат сите нерешени прашања и да се затворат нацрт-измените во оваа фаза. Во продуктивна работна средина, работната група ги подготви нацрт-амандманите кои беа дополнително текстуално уредени и преведени пред нивното поднесување до Венецијанската комисија. Нацрт-амандманите опфаќаат клучни области од Законот за Судски совет, вклучувајќи го изборот, назначувањето и одговорноста на судиите и членовите на Советот, како и подобрување на транспарентноста, комуникацијата и управувањето со ресурсите на Советот.

Измената на Законот за Судски совет, во согласност со препораките на Оценската мисија е клучна реформа за интеграцијата на Северна Македонија во ЕУ, планирана во Реформската агенда 2024 – 2027, како и во сите други клучни стратешки документи. Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ ќе продолжи да обезбедува советодавна и техничка поддршка на Министерството за правда откако Венецијанската комисија ќе го даде своето мислење, со цел да се осигури дека земјата го спроведува овој клучен реформски чекор што е од суштинско значење за враќање на довербата во судството.



**Photos:** © Ministry of Justice

# Зајакнување на дисциплинските постапки за судска одговорност во Северна Македонија

Во рамките на нашата континуирана посветеност на подобрување на судската одговорност и ефикасност, проектот организираше работилница за дисциплински постапки против судии и претседатели на судови во Северна Македонија. На настанот, одржан на 6-7 мај 2025 година во Демир Капија, присуствуваа членовите на Судскиот совет, правни експерти и меѓународни советници за да се справат со критичните предизвици во дисциплинските постапки и да ги усогласат со европските стандарди.

Работилницата беше отворена од Гжегож Борковски, лидер на компонента во проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, кој ја нагласи важноста на фер, транспарентни и ефикасни дисциплински механизми за одржување на судскиот интегритет. Во текот на првиот ден се обрати Херман фон Хебел, нашиот меѓународен експерт, кој даде длабинска анализа на најновите меѓународни стандарди и стандарди на Европскиот суд за човекови права. Неговите сознанија ја истакнаа потребата од обезбедување правична постапка и заштита на правата на судиите, а воедно и почитување на одговорноста. Воислав Стојановски, нашиот национален експерт, ја презентираше анализата на дисциплинските постапки спроведени од Судскиот совет помеѓу 2019 и 2023 година, идентификувајќи можности за понатамошно подобрување на ефикасноста и конзистентноста во согласност со најдобрите практики.



Вториот ден беа претставени презентациите од членовите на Судскиот совет, со кои беа опфатени сите фази од дисциплинските постапки. Антоанета Димовска и Тања Чачарова-Илиевска ги објасниј поведувањето постапка, улогата на Комисијата на известители и истрагите на предметите. Весна Дамева дискутираше за расправите пред Комисијата и подготовката на извештаите од истрагата. Ивица Николовски го претстави процесот на донесување одлуки на Судскиот совет, нагласувајќи ја потребата од јасно расудување и конзистентност. Селим Адеми ги разгледа повторените дисциплински постапки по жалбите, нагласувајќи ги процедуралните заштитни мерки.

Оваа работилница означува уште еден важен дел во напорите за судски реформи во Северна Македонија, зајакнувајќи ја посветеноста на Судскиот совет на отчетност, ефикасност и транспарентност. Со подобрување на дисциплинските постапки во согласност со европските стандарди, Советот презема решителни чекори кон судство кое е независно и одговорно, поттикнувајќи поголема доверба на јавноста во владеењето на правото.





# ПРАХ РОМАН

*ИНТЕРВЈУ*

## ЗАПОЗНАЈТЕ ГО ТИМОТ

**ЛИДЕР НА КОМПОНЕНТА**

# РОМАН ПРАХ: „БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА Е ДОЛГОРОЧЕН ПРОЦЕС, НЕ ПОСТОИ БРЗО РЕШЕНИЕ“

***Запознајте го тимот: Сесијата за интервју е креиерана за да ве запознае со членовите на тимот од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“.***

Како дел од нашите континуирани напори за зајакнување на институционалните капацитети и промовирање на добро владеење, со задоволство ви го претставуваме Роман Прах, Лидер на компонентата 3 - Подобрување на спречувањето и борбата против корупцијата. Тој е словенечки експерт со над 38 години искуство во борбата против корупцијата, реформата на правосудството, јавната администрација и институционалниот развој. Прах предводел бројни проекти финансирани од ЕУ низ Западен Балкан, вклучувајќи ги Босна и Херцеговина, Хрватска, Турција и Србија. Неговата работа имала за цел зајакнување на институционалните механизми за спречување и борба против корупцијата, особено нагласувајќи ја транспарентноста, отчетноста и етичките стандарди во јавните институции. Како лидер на тимот на проектот финансиран од ЕУ во Србија, тој ги координирал клучните реформски иницијативи и напорите за подигање на јавната свест.

Откако неодамна му се придружи на нашиот тим, Прах веќе започна да дава придонес со својата обемна експертиза во активностите што се спроведуваат во рамките на Компонента 3. Ова интервју дава можност да дознаете повеќе за неговото професионално искуство, моменталните приоритети и визијата за поддршка на системските реформи преку проектот.

**Како лидер на Компонента 3, која работи на спречување и борба против корупцијата, како го дефинирате владеењето на правото во овој контекст?**

Од правна перспектива, владеењето на правото е најважно начело на демократијата, гарантирајќи дека сите се еднакви пред законот.

**Бидејќи неодамна започнавте да работите со тимот, кои се вашите приоритети во наредните месеци и што се надевате дека ќе придонесете кон целите на проектот?**

На прво место, мислам дека улогата на Компонента 3, во соработка со главниот корисник - Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК), е да ги зајакне нивните капацитети во однос на нивните одговорности според законот. Тие вклучуваат изјави за имотна состојба, промовирање и подобрување на интегритетот, прашања поврзани со конфликт на интереси и подигање на општата свест за моралните вредности и интегритетот. Ова е број еден.

Втората клучна цел вклучува овозможување секојдневна обука на работното место за разгледување и подобрување на институционалните процеси со цел да се обезбеди нивна ефикасност и одржливост и по завршувањето на проектот. Мислам дека ова се двете главни цели на Компонента 3.

**Зборувајќи за одржливост, од ваше искуство, што ги прави антикорупциските реформи одржливи и каква улога играат партнерствата, како што е она со ДКСК?**

Антикорупциските реформи во Северна Македонија се во тек веќе некое време. Обезбедувањето нивна одржливост сега бара континуирана поддршка за ДКСК и другите клучни институции вклучени во обликувањето на антикорупциската рамка.

Крајната цел е да се зајакнат националните капацитети, така што откако ќе заврши меѓународната поддршка за проекти, институциите во Северна Македонија ќе бидат целосно подготвени да ги почитуваат и унапредуваат стандардите за интегритет.

Стратешките партнерства, како што е она со ДКСК, се од витално значење за овој процес бидејќи тие го поттикнуваат создавањето чувство на сопственост во однос материјалите изготвени во рамките на ваквата поддршка, ја зголемуваат институционалната отпорност и придонесуваат за долгорочно влијание.



**Со оглед на ова, кои се клучните состојки за градење силен и веродостоен систем за борба против корупцијата во Северна Македонија?**

Првата состојка е соодветна законска рамка. Во споредба со другите земји во регионот, не гледам никакви големи разлики во законските системи. Законодавната рамка за борба против корупцијата во Северна Македонија е во голема мера усогласена со меѓународните стандарди и добрите практики. Законот и` дава овластување на Комисијата активно да го промовира интегритетот и да го зајакнува целокупниот систем за борба против корупцијата во Северна Македонија.

Секако, специјализираните или независните тела за борба против корупцијата, како што е ДКСК, имаат потреба од соодветен капацитет. Кога велам капацитет, не мислам само на знаење - нивото на експертиза што го демонстрираат вработените во Комисијата е навистина импресивно и е за пофалба. Сепак, потребен е и доволен број на вработени за справување со задачите што се во нивниот мандат.

Владата, исто така, мора да ги препознае напорите на Комисијата и да ги поддржи со наоѓање ресурси за обезбедување дополнителни вработувања. Ова е нешто што надлежните министерства треба сериозно да го разгледаат. Овој проблем на недоволна вработеност се дискутира веќе подолго време. Секако, постојат законски ограничувања во врска со зголемувањето на вработените во јавните институции. Понекогаш, внатрешната реорганизација може да биде решение. Ова е исто така нешто, што проектот им го препорачува на нашите колеги - подобрување на меѓу-ресорската соработка.

Сега, со претстојните локални избори, според законот, изборната кампања започнува три месеци пред објавениот датум. Законот за спречување на корупција и судир на интереси и` дава на Комисијата голема одговорност да го следи финансирањето на политичките партии и финансирањето на кампањите.

Има многу работа што треба да се сработи. Ако владата не дозволи дополнителни вработувања, тогаш мора да видиме што може да се направи во рамките на постојната структура. Можеби ќе треба нова систематизација или организациска поставеност за да се овозможи исполнување на задачите според законот.

**Кога разговараме за поддршка, како би ја опишале нашата соработка со ДКСК на некој што се среќава со нашиот проект за прв пат? Каква поддршка и`даваме на институцијата и на кои начини работиме заедно за да ја зајакнеме нејзината улога?**

Воспоставивме многу искрена и доверлива соработка, одржувајќи отворена комуникација за обемот на проектот и како тој може да ја поддржи Комисијата. Оваа добра соработка резултираше со договор за нашиот предложен работен план, кој го дискутиравме вчера. Го презентирав за време на состанокот со членовите и тие се согласија со планираните активности. Овие активности се усогласени со она што беше наведено во почетниот извештај, иако се направени некои измени за подобро да се поддржат нивните потреби.

Се согласивме да соработуваме на подготовката на новата антикорупциска стратегија, која е итна и треба да биде изготвена до крајот на оваа година.

Друг клучен документ е комуникациската стратегија, која ќе ја изготвиме заедно. Исто така, ги поддржуваме во подготовката на ИКТ стратегија и развојот на ИТ систем за управување со за човечки ресурси. Секојдневно работиме со колеги кои работат со изјавите за имотна состојба за да го подобриме нивното функционирање.
Понатаму, планираме да обезбедиме експертска поддршка во прегледот и развојот на оперативните процедури. Важно е сите да го следат истиот пристап во конкретните работни процеси. На овој начин се одржува и зајакнува внатрешниот интегритет и се воспоставуваат механизми за следење, кои се од суштинско значење за секоја институција.

**Борбата против корупцијата може да биде долгорочен предизвик. Што ве мотивира вас лично во оваа област и што ви дава надеж за вистински напредок во Северна Македонија?**

Која е мојата движечка сила? Тоа е верувањето дека сè е можно - ако навистина се сака. Навистина сум оптимист за вистински напредок.
Северна Македонија всушност беше една од првите земји на Балканот што започна институционализирани напори против корупцијата. Првата Комисија, верувам, беше основана во 2002 година. Оттогаш, се случија многу - подеми и падови, што е нормално за секоја земја или систем. Сега е од витално значење за Северна Македонија да ја претвори политичката посветеност во опипливи активности што ги унапредуваат антикорупциските реформи.

Секогаш слушаме дека е потребна политичка волја за борба против корупцијата, но премногу често тоа е само фраза. Потребни ни се конкретни чекори. Еден од важните чекори вклучува и изготвување измени на Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Сепак, Комисијата не е единствената која е одговорна за унапредување на антикорупциискиот систем. Мора да постои цел систем. Комисијата е само едно делче од сложувалката против корупцијата. Една институција не може да го сноси целиот товар - потребен е заеднички напор.
Комисијата работи на зајакнување на соработката со своите партнери, особено со невладиниот сектор, за преку нив, да допре до граѓаните на Северна Македонија.

На крајот, ќе биде потребна и политичка поддршка. Не можеме да ја игнорираме улогата на политиката. Политичарите исто така мора да ги зајакнат капацитетите во овој поглед. Кога ги споредувам земјите во регионот, тие се соочуваат со слични предизвици во врска со корупцијата, јавните набавки, судството, образованието и здравствената заштита. Борбата против корупцијата е долгогодишен предизвик што бара континуирана посветеност, институционална отпорност и координирана акција во сите сектори за да се постигнат трајни резултати. Не може да се реши преку ноќ. Не постои брзо решение.



MAJ - АВГУСТ 2025

# КАЛЕНДАР ПРЕТСТОЈНИ НАСТАНИ

**22 МАЈ**

**Промоција на Годишниот извештај за спроведување на Развојната секторска стратегија (2024 - 2028) за 2024 година**
**Компонента 1**

**ЈУНИ**

**Конференција за дисциплински постапки за судии со членови на Судскиот совет**
**Компонента 1**

**17 ЈУНИ**

**Обука за документирање на повреди наменета за Националниот превентивен механизам и Секторите за внатрешни работи – Тетово и Куманово**

**Компонента 4**

**08 ЈУЛИ**

**Разгвори за еднаквост #2: Право на домување**
**Компонента 4**

**Информации за изданието (импринт)**

**Издавач:** Лудвиг Болцман Геселшафт - Институт за фундаментални и човекови права (LBI-GMR), Виена, во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, Скопје
**Уредник:** Кристина Весиќ
**Лектор:** Ане Петрушевска
**Преведувач:** Ане Петрушевска
**Период на известување:** 08 февруари - 07 мај 2025
**Датум:** мај 2025 година

Финансирано од Европска Унија